| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | | | |
| **2.** | **Код** | 50835 | | | |
| **3.** | **Студиска програма** | ДЕЛОВНО ПРАВО | | | |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | II | | | |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Прва година, втор семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест ) |
| **8.** | **Наставник** | Проф. д-р Ванчо Узунов<br>Доц. д-р Биљана Петревска | | | |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Целта на предметната програма е да се изучува современиот економски систем и економската политика на Република Македонија.<br>Изучувањето на овој предмет на студентите ќе им овозможи:<br>▪ да ја разберат проблематиката и да стекнат знаење со цел во иднина успешно да управуваат и раководат со институциите во Република Македонија;<br>▪ да стекнат продлабочени сознанија за пазарниот систем на Република Македонија;<br>• **да стекнат сознанија за факторите кои влијаат на напредокот на Република Македонија ;**<br>• **да стекнат висок степен на стручно знаење во широката и перспективна област.** | | | | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Во рамките на предметната програма се изучуваат: пазарот, деловните субјекти и владата, приватниот и јавниот сектор на економијата, монетарниот систем и монетарната политика на РМ; фискалниот систем и фискалната политика на РМ; финансискиот систем и пазарот на капитал во РМ; системските аспекти и политика на економски односи на РМ со странство; политиката на РМ за регулација на пазарите; политиката на економски развој и конкурентност на македонската економија; системските аспекти на пазарот на работна сила и политиката на РМ за вработување; политиката на регионален и локален економски развој во РМ; и политиката за заштита на животната средина | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици по 3,5 часа. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. На почетокот се поставуваат прашања кои служат за поттикнување на истражувања од конкретната проблематика. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, и преку предавања на практичари.<br><br>Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини, како часовите во тековната недела би биле тематски обоени и конципирани. Теоретскиот дел од наставата кој е планиран за часовите е целно именуван, во смисла на знаењата кои треба да се стекнат во текот на часовите.<br><br>Основниот дел од наставата ќе се одвива во вид на предавања што ќе се држат на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје. Дел од наставните содржини ќе биде презентиран од страна на професорите, додека за дел од наставните содржини ќе гостуваат со свои предавања истакнати експерти од практиката. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6 ЕКТС = 150 ЧАСА | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **17.3** | **Активност и учество** | | | | 10 |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | | | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | | | / | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | | | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | | | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Софија Тодорова, Ванчо Узунов, Биљана Петревска | Применета Економика | Култура, Скопје | 2015 |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Министерството за финансии и | Документи и периодични публикации | www.finance.gov.mk; | 2007 - 2017 |
| | | **2.** | Народната банка на РМ | Документи и периодични публикации | www.nbrm.gov.mk | 2007 - 2017 |